Врз основа на чл. 9 ст. 3 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 и 103/2008) и член 3, став 2 и 97, став 1 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на XXXIX-та седница одржана на 29.12.2008 година, го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К
**за внатрешните односи и работењето на**
**Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

***Предмет на уредување***

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат: внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје; внатрешната организација; органите; печат, знаци и други обележја на Факултетот за ветеринарна медицина како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Правилник).

На прашањата кои што не се регулирани со овој Правилник се применуваат одредбите од Законот за високо образование, Статутот и другите акти на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

***Статус и основна дејност***

**Член 2**

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е јавна високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје врши високообразовна, научно-истражувачка и применувачка, односно апликативна високостручна дејност во областа на ветеринарно медицинските науки како студиско и научно-истражувачко подрачје и студиска програма од прв, втор и трет циклус на студии.

Факултетот врши високообразовна, научноистражувачка, ветеринарно-здравствена, применувачка, односно апликативна високостручна дејност и во други подрачја кои се во врска со остварувањето на основната дејност на Факултетот и со неа поврзани фундаментални области и други подрачја кои се во врска со основната дејност на факултетот.

**Член 3**

Факултетот ја остварува дејноста од чл. 2 од овој Правилник во согласност со Статутот и со другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

*Назив и седиште*

**Член 4**

Факултетот работи под назив: Република Македонија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј” - Скопје, Факултет за ветеринарна медицина - Скопје – Скопје. (во натамошниот текст: Факултетот).

Скратениот назив на Факултетот е Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Факултет за ветеринарна медицина - Скопје.

Називот на англиски јазик е: Ss Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Veterinary medicine in Skopje, Republic of Macedonia.

Факултетот може да го користи и името испишано на латински јазик: Facultas Medicinae Veterinariae- Skopje.

Седиштето на Факултетот е на ул. Лазар Поп Трајков бр. 5-7, Скопје.

*Датум на основање*

**Член 5**

Факултетот е основан со одлука на Министерството за образование и физичка култура на 22.10.1991 година и со Одлуката на Владата на Република Македонија, со која на седницата држана на 31.10.1991 година, таа даде согласност за започнување со работа на ветеринарните студии, како насока, на Земјоделскиот факултет во Скопје, од учебната 1991/1992 година.

Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на својата седница одржана на 14.09.1993 година, донесе одлука за организирање Факултет за ветеринарна медицина, кој со уписот во судскиот регистар, на 1.01.1994 година стекна својство на правно лице, а со уписот извршен на 18.3.1994 година во регистарот на високообразовни организации, стекна статус на високообразовна организација.

Со Одлука на Владата на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 68/2003 и 75/2003), Ветеринарниот институт во Скопје, од 1.3.2004 година се присоединува кон Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

***Овластувања, права и обврски и одговорности на Факултетот***

**Член 6**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со закон и со Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”.

## АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

**Член 7**

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултето и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Член 8**

Факултетот дејноста ја врши врз принципот на академска автономија.

Одредбите за автономијата утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје соодветно се применуваат и за Факултетот.

## ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

***Печат***

**Член 9**

Факултетот има печат со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Република Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, а во внатрешниот ред: Република Македонија

Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

Одлука за начинот на користење, за видот и бројот на печатите донесува деканот, кој врши и надзор над нивната употреба.

***Штембил***

**Член 10**

Штембилот на Факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Факултет за ветеринарна медицина, број ___,___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

***Знаци и други обележја***

**Член 11**

Факултетот има свој амблем, знаме и инсигнии.

Амблемот на Факултетот е во тркалеста форма со следниот латински текст: Facultas medicinae veterinariae Skopje испишан во круг, а во средината на кругот е втисната медицинска игла околу која е изввртена змија. Змијата и иглата лежат на буквите V и M (со значење: ветеринарна медицина).

Амблемот ја симболизира дејноста на Факултетот за ветеринарна медицина.

Амблемот се употребува, освен на инсигниите на деканот, уверенијата, плакетите, меморандумите, изданијата и рекламните материјали, како и во други случаи.

Знамето на Факултетот е со бела боја со димензии 100x180 cm. Во средината е втиснат амблемот на Факултетот во форма опишана во ставот 2 од овој член.

Знамето може да биде изработено и во помали димензии.

При употреба на знаците и другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и знаците и обележјата на Универзитетот.

*Ден на Факултетот, награди и признанија*

**Член 12**

Патронен ден на Факултетот е 14 ноември.

Патрониот ден се одбележува на свечен начин, секоја година.

**Член 13**

По повод јубилеи и други значајни настани, Факултетот доделува награди, признанија, и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата ги утврдува Наставно-научниот совет.

## ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 14**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на дејностите во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства, од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка односно апликативна дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или повеќе сродни области во рамките на Универзитетот и по овластување вон Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
4. организира конгреси, симпозиуми и други научни, уметнички и стручни собири, како и теренска настава во земјата и странство согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,
5. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. врши издавачка дејност (годишник, студии,периодики и сл.)
7. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
8. издава документи врз основа на јавни овластувања и врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи;
9. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;

10. остварува различи форми за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
11. разменува научни, стручни и консултантски услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
12. врши дејности по основ на јавни овластувања во областа на ветеринарната медицина;
13. организира стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот;
14. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна, научноистражувачка и уметничка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
15. реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на Универзитетот;
16. се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
17. ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
18. врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 15**

За вршење на својата дејност факултетот може да организира внатрешни организациони единици согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Внатрешни организациони единици што се утврдуваат со овој Правилник се:

- Институт за храна
- Ветеринарен институт
- Институт за репродукција и биомедицина.

1. Во рамките на Институтот за храна се организираат следните:

   а/Катедри
   - Катедра за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство
   - Катедра за исхрана на домашните животни
   - Катедра за хемија
   - Катедра за фармакологија и токсикологија
   - Катедра за економика со менаџмент
   - Катедра за управно ветеринарство

   б/ Лаборатории
   - Лабораторија за микробиологија на храна и добиточна храна
   - Лабораторија за квалитет на храна и добиточна храна
   - Лабораторија за резидуи и контаминенти
   - Лабораторија за квалитет на сирово млеко
   - Лабораторија за фармакологија и токсикологија.

   в/ Центар за несакани дејства и информирање за ветеринарно медицински препарати

   г/ Центар за едукација за безбедност на храната и ветеринарно јавно здравство

2. Во рамките на Ветеринарниот институт се организираат:

а/Катедри

- Катедра за здравствена заштита на фармски животни
- Катедра за здравствена заштита на миленици и копитари
- Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и ловен дивеч
- Катедра за визулени дијагностички методи
- Катедра за ветеринарна хирургија
- Катедра за микробиологија и паразитологија
- Катедра за патолошка морфологија и судска медицина
- Катедра за патофизиологија
- Катедра за хигиена на животните и заштита на животната средина

б/ Лаборатории

- Лабораторија за бактериологија
- Лабораторија за вирусологија
- Лабораторија за серологија и молекуларна дијагностика
- Лабораторија за паразитологија и паразитни заболувања
- Лабораторија за ТСЕ
- Клиника за миленици и копитари

3. Во рамките на Институтот за репродукција и биомедицина се организираат следите:

а/ Катедри

- Катедра за биохемија и биологија на клетка
- Катедра за радиобиологија
- Катедра за функционална морфологија
- Катедра за одгледување на животни
- Катедра за репродукција

б/ Центри

1. Лабораторија за производство, криоконзервирање и контрола на семе од домашни животни Центар за вештачко осемнување

-
- Лабораторија за асистирана репродукција

2. Центар за благосостојба на животните

*Институт*

**Член 16**

Институтот претставува основна наставно-научна организациона единица што може да се формира за одредена наставна, научноистражувачка и применувачка област од делокругот на работењето на Факултетот.

Институтите се формираат на определено научноистражувачко поле за изведување фундаментални, развојни и апликативни проекти и за изведување наставно-образовна дејност поврзана со соодветното научноистражувачко поле.

**Член 17**

Институтите:

1. организираат и остваруваат наставно-образовна дејност;
2. организираат и остваруваат научноистражувачка дејност;
3. организираат и остваруваат применувачка, односно апликативна дејност;
4. учествуваат при изработката на програмите за научноистражувачка и наставно-образовната работа на единицата на универзитетот;
5. изведуваат стручни, советувачки и други применувачки, односно апликативни услуги;
6. учествуваат во создавањето научен подмладок;
7. се грижат за развојот на научните дисциплини и струки;
8. го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа на студентите;
9. ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
10. вршат и други работи утврдени со овој Правилник.

**Член 18**

Институтите се основаат, припојуваат и делат во согласност со потребите на научноистражувачката и наставно-образовната работа.

**Член 19**

Институтот има раководител, кој на предлог на научно-стручниот совет го именува и разрешува деканот.

Раководителот на институтот се избира во рок од 30 дена од изборот на декан за време од 4 години. Мандатот на раководителот трае до завршување на мандатот на деканот.

За раководител на институтот може да биде предложено само лице избрано во наставно-научни звања или во научни звања.

**Член 20**

Научно-стручниот совет на Институтот го сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања, лицата со насловни звања во редовен работен однос и еден претставник на другите вработени распоредени на работни задачи во Институтот.

Другите вработени избираат еден претставник, со тајно гласање, со мандат од 4 години.

**Член 21**

Деканот донесува одлука за започнување постапка за избор на раководител на Институтот.

Секое лице избрано во наставно-научно или во научно звања во Институтот има право да се кандидира за раководител на Институтот.

Предлогот за кандидат односно кандидати за избор на раководител се утврдува со тајно гласање, што го спроведува Комисија составена од 3 члена.

Утврден кандидат односно кандидати за раководител на институтот е секој оној што ќе добие мнозинство гласови од присутните членови на Научно-стручниот совет.

Доколку ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува за оној кандидат односно кандидати што добиле 30% гласови од вкупниот број членови на Научно-стручниот совет.

Ако и при повторното гласање, ниту еден кандидат не го добие потребното мнозинство, постапката се повторува.

Ако за утврдување кандидат за раководител на Институт има предложено само еден кандидат и ако при гласањето во првиот круг тој не го добие потребното мнозинство гласови, целата постапка се повторува.

Доколку од утврдениот кандидат, односно кандидати деканот не именува раководител на Институтот, постапката се повторува.

При повторната постапка не учествуваат кандидатите за раководител од претходната постапка.

**Член 22**

Раководителот на институтот:

1. ја организира и ја води работата на институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на научно-стручниот совет;
3. се грижи за редовното изведување на наставно-образовната и на научноистражувачката работа од областа на институтот;
4. ги извршува одлуките на органите на факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот;
5. ги известува органите на факултетот за работата на институтот;
6. врши други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

Раководителите за својата работа одговараат пред деканот.

Деканот може предвремено да го разреши раководителот на институтот врз основа на лично барање од раководителот и на образложено барање на повеќе од половината членови на Научно-стручниот совет.

Во случај раководителот на институтот да не ги извршува работите и должностите од својата надлежност, деканот може да го разреши и пред истекот на времето за кое е избран.

Изборот на раководител на местото на разрешениот раководител на институт е според постапката утврдена во членот 21 на овој правилник.

Мандатот на новиот раководител трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот (разрешен) раководител.

**Член 23**

Во рамките на институтите се основаат катедри, лаборатории, центри и клиники кои припаѓаат на соодветното научноистражувачко поле.

Факултетот може да формира и други организациони единици за одделни области кои се во функција на дејноста на факултетот.

*Катедри*

**Член 24**

Катедрите се формираат во рамките на институтот за наставни предмети од иста или од сродна научна област, со цел за усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката, применувачката, односно апликативната дејност.

Катедрата ја сочинуваат наставниците и соработниците од иста или сродна научна област на факултетот.

Во работата на катедрата може да се вклучат и студенти.

Со катедрата раководи раководител на катедрата избран од редот на наставиците со мандат од 4 години. Раководителот на катедрата се избира со тајно гласање, а избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на катедрата.

Во рамките на катедрите може да се формираат лаборатории.

**Член 25**

Катедрите:

1. соработуваат при приготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа
2. остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка, односно апликативна дејност;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат, усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа;
4. со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
5. се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
6. развиваат современи педагошки методи;
7. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
8. предлагаат теми за сите организирани циклуси на високото образование;
9. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
10. вршат и други работи утврдени со овој Правилник.

*Лаборатории*

**Член 26**

Лабораторија се формира за практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност за потребите на институтот, и пошироко , за потребите на другите организациони единици на Факултетот.

*Центри*

**Член 27**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувања.

Центрите можат да вршат применувачка, односно апликативна дејност.

*Клиника*

**Член 28**

Клиника се основа во рамките на институт заради спроведување високостручна и апликативна дејност од една или од повеќе гранки на ветеринарната медицина.

Клиниката учествува во едукацијата на кадрите во рамките на студиските и предметните програми, врши здравствена заштита од областа за која е формирана и сл.

**Член 29**

Со лабораториите, центрите и клиниките раководат раководители кои на предлог на раководителот на Институтот ги назначува и разрешува деканот на Факултетот.

**Библиотека**

**Член 30**

Библиотеката на Факултето учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, уредува и распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, соработниците и на студентите им ги даваат информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образуваат од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработуваат библиографија на високообразовните наставници и научни работници.

**Стручна и административна служба**

**Член 31**

Стручните и административните работи ги врши Стручната и административната служба на Факултетот како дел од интегрираната Стручната и административната служба на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со службата на Факултетот раководи секретар кој за својата работа е одговорен пред деканот и пред генералниот секретар на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 32**

Секретарот, на предлог на деканот, од пријавените кандидати го избира Наставно-научниот совет на Факултетот.

За секретар може да биде избрано лице со завршено високо образование-правен факултет и 4 години работно искуство во струката по дипломирањето.

**Член 33**

Секретарот на Факултетот:

- се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на органите на Факултетот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
- ги следи прописите и укажува на органите на Факултетот;
- се грижи за уредноста и ажурноста на работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на стручната и административната служба;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Факултетот и за тоа го известува деканот;
- се грижи за извршување на работите по налог на генералниот секретар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
- врши други работи согласно со Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и на факултетот.

**Член 34**

Секретарот е одговорен за работата на Стручната и административната служба на Факултетот.

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот на предлог на деканот на Факултетот и генералниот секретар, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и овој Правилник и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 35**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административната служба се утврдуваат со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и на Факултетот.

## ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 36**

По иницијатива на Факултетот, Универзитетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 37**

Органи на факултетот се наставно-научен совет, декан и деканатска управа.

*Наставно-научен совет*

**Член 38**

Наставно-научниот совет на факултетот е стручен орган.

*Наставно-научен совет на факултет*

**Член 39**

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите.

Во наставно-научниот совет свои претставници избираат соработниците и студентите.

Соработниците избираат 3 претставници, кои се избираат со тајно гласање на собир на соработници, кој го свикува деканот на факултетот. Мандатот на соработниците изнесува 2 години.

Студентите избираат 3 претставниците, кои ги избира Студентскиот парламент на факултетот. Мандатот на студентите изнесува 2 години.

**Член 40**

Наставно-научниот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела, комисии и други работни групи.

*Надлежност на наставно-научниот совет*

**Член 41**

Наставно-научниот совет:

- донесува правилник за внатрешна организација и работа на факултетот;
- донесува четиригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
- утврдува најмалку еден кандидат за декан и го доставува на ректорот на Универзитетот;
- избира продекани;
- избира членови во Универзитетскиот сенат;
- му предлага на Сенатот студиски програми;
- донесува програма за научноистражувачка работа;
- врши избор во наставно-научни звања - доцент и вонреден професор и во соработнички звања; избор во научни и насловни звања;
- предлага број на студенти кои се запишуваат на прв и втор и трет циклус на студии;
- на деканатската управа и предлага мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- на деканатската управа и предлага мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа и за компјутерската мрежа;
- избира и разрешува секретар на факултетот;
- ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на факултетот;
- одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот;
- одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и сл;
- одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот,

- избира членови на рецензентски комисии;
- одлучува за внатрешните организациони единици на Факултетот;
- донесува план за реализација на наставата;
- одлучува за прифаќање на извештајот за работата на деканот;
- дава согласност за вршење дејност на друга единица на Универзитетот;
- дава предлог за вршење дејност на друга единица на Универзитетот;
- избира членови во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
- предлага воведување на партиципација на трошоците за студирање;
- донесува одлука за потреба од наставник и распишува конкурс;
- ја разгледува иницијативата за предвремен престанок на изборот во звање;
- формира комисија за изготвување реферат за предвремено пресанување на изборот во звање;
- избира членови на дисциплинската комисија за оговорност на студентите;
- обезбедува замена на наставниците и соработниците кои користат платено, односно неплатено отсуство;
- поканува визитингпрофесори за извршување високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време;
- донесува одлука за отпочнување на постапката за избор на декан;
- форира изборна комисија за спроведување на постапката за избор на декан;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со овој Правилник и со другите акти на Универзитетот и на факултетот.

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Во работата на наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

При изборот во наставно-научни и наставни звања не учествуваат асистентите, помладите асистенти и студентите.

За работите од ставот 1 алинеи 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

**Член 42**

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон, со овој Статут и со правилникот на единицата, за кои е предвидено тајно гласање. Наставно-научниот совет, за прашања за кои се одлучува со јавно гласање, може да одлучи да спроведе тајно гласање.

**Член 43**

Седниците на наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

**Член 44**

Наставно-научниот совет од редот на редовните и вонредните професори врши избор на членови на Универзитетскиот сенат со тајно гласање.

За избор на сенатори може полноважно да се одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет , а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Наставно-научниот совет.

Сенаторите го информираат Наставно-научниот совет за одлуките на Сенатот.

*Декан*

**Член 45**

Деканот е раководен орган.

Деканот го застапува и претставува факултетот во земјата и во странство во согласност со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Вршењето на должноста декан и продекан е неспојливо со вршење на друга државна функција или функција во политичка партија.

*Надлежност на декан*

**Член 46**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Универзитетскиот сенат и ректорот на Универзитетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со овој Статут;
- ги извршува одлуките и заклучоците на наставно-научниот совет и деканатската управа;
- се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност;
- ги свикува седниците на наставно-научниот совет и деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
- ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува деканатската управа;
- на наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
- распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
- ги промовира дипломираните студенти и доделува награди;
- донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на раководниот орган, согласно со Законот за јавни набавки и актите на Универзитетот;
- именува и разрешува раководители на институтите по предлог на Научно-стручиот совет;
- управува со имотот на факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и со овој Правилник и
- иницира соработка со сродни установи во земјата и во странство;
- покренува иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
- потпишува уверенија;

- одлучува за правата и обврските од работен однос кои не се во надлежност на органите на Универзитетот и Факултетот;
- го потпишува договорот за вработување на лицата избрани во звања заедно со ректорот;
- одлучува по барањата на студентите доколку не е поинаку средено со актите на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон, овој Статут и правилникот на факултетот.

Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кој смета дека не е во согласност со закон, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, овој Правилник и другите акти на Универзитетит и на факултетот и за тоа го известува ректорот кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да овластува одделни продекани.

За проучување на одделни прашања и подготовка на акти од дејноста на факултетот, деканот може да формира работни групи и комисии.

*Избор и разрешување на декан*

**Член 47**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите, за време од четири години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Ректорот го избира деканот на предлог на наставно-научниот совет. Изборот на декан го потврдува Сенатот.

*Утврдување кандидат за избор на декан*

**Член 48**

Утврдувањето кандидат, односно кандидати за избор и изборот на декан се врши на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитеот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

*Престанок на функцијата декан*

**Член 49**

На деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:

1. ако биде разрешен;
2. ако поднесе оставка;
3. ако му престанал работниот однос;
4. во други случаи утврдени со закон и со овој Статут.

*Разрешување на декан*

**Член 50**

Ако наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се поведува постапка за негово разрешување.

На истата седница на која не е усвоен извештајот на деканот, наставно-научниот совет формира трочлена комисија за спроведување на тајното гласање и одлучува за датумот на гласањето.

Наставно-научниот совет за разрешувањето на декан одлучува на ист начин како за утврдување предлог-кандидат за декан.

Деканот кој е разрешен има право на приговор до Сенатот во рок од 7 дена.

Одлуката на Сенатот е конечна.

Ако на деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, ректорот назначува в.д. декан согласно Статутот на Универзитетот.

*Продекани*

**Член 51**

На Факултетот се избираат два продекани: продекан за настава и продекан за наука.

**Член 52**

За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да ги овластува продеканите.

**Член 53**

Вршењето на должноста продекан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Член 54**

Продеканите ги избира Наставно-научниот совет, на предлог на новоизбраниот декан. Деканот предлага по едно лице за секое продеканско место.

Гласањето за избор се врши на ист начин како за избор на декан.

Продеканите се избираат од редот на редовните, вонредните професори и доцентите.

Мандатот на продеканите трае до завршување на мандатот на деканот.

Продеканите вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на факултетот.

За својата работа продеканите одговараат пред наставно-научниот совет и пред деканот.

Деканот може да му предложи на Наставно-научниот совет разрешување на продекан во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција или несовесно ја извршува функцијата на која е избран.

*Деканатска управа*

**Член 55**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и брои 7 члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите, раководителите на институтите и претседателот на студентскиот парламент на факултетот.

Мандатот на членовите на Деканатската управа трае за периодот за кој се избрани.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на факултетот без право на одлучување.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на наставно-научниот совет;
- го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
- согласно со закон, на Универзитетот му предлага измена или проширување на дејноста,
- ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот совет и деканот
- одлучува по предлозите од наставно-научниот совет
- донесува план за јавни набавки;
- донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на органот на управување, согласно со Законот за јавни набавки и актите на Универзитетот;
- одлучува по барањата на студентите;
- одлучува за предложените мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- одлучува за предложените мерки за унапредување на наставната, научноистраажувачката и применувачката, односно апликативната работа и за компјутерската мрежа;
- врши и други работи определени со овој Правилник.

**Член 56**

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

Деканатската управа работи на седници.

Деканатската управа може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од присутните членови на Деканатската управа.

Деканатската управа може да формира комисии и други работни тела за проучување и изготвување акти и предлози за прашања од делокругот на работата на Деканатската управа.

*Одбор за соработка и доверба со јавноста*

**Член 57**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно- истражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста.

За член на одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде лице кое согласно со членот 43 од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа. Составот и начинот на предлагање на неговите членови се определува со овој Правилник.

Одборот за соработка брои 5 члена, од кои 2 члена од ННС, 1 студент по предлог на Студентскиот парламент, 1 претставник од Ветеринарната комора на Р. Македонија и 1 претставник од Здружението за одгледување на животни.

По прашањата за кои одборот за соработка и доверба со јавноста расправа, се усвојуваат препораки.

## ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

**Член 58**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научни и соработнички звања, студенти, самоевалуација, финансирање на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др. соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 59**

Толкувања на одредбите на овој Правилник дава Наставно-научниот совет.

Согласност на овој Правилник дава Универзитетскиот сенат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 60**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 61**

Деканот, продеканите и раководителите на институтите продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на мандатот на деканот.

**Член 62**

Одредбите од овој Правилник за соработниците ќе се применуваат согласно со роковите утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, односно Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност.

**Член 63**

Бројот на претставниците на соработниците и студентите во Наставно-научниот совет ќе се усогласи со одредбите од овој правилник во рок од 30 дена од денот на влегување во сила.

**Член 64**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Статутот на Факултетот донесен на 10.03.2004 година (Универзитетски гласник бр. 46 од 18 мај 2004 година).

**Член 65**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот.

Скопје, бр. 0201-4826
29.12.2008 година

**Д Е К А Н**

______________________

**Проф. д-р Мишо Христовски**